Училиштето ги има обезбедено сите наставни програми донесени од Министрeството за образование и наука и истите се наоѓаат во архивата на училиштето и се достапни до наставниците .Планирањата на наставниците се добри,делумно е и следењето на реализацијата на планирањата на наставниците од страна на директорот и ( стручната служба- педагогот и психологот на училиштето ).

Сите наставници на почетокот на наставната година изготвиле глобални и тематски планирања и истите ги доставиле до директорот односно педагогот на училиштето.Глобалните , тематските и дневните планирања на наставниците содрѓат елементи од интегрирано планирање во наставата и на еко стандардите.

Реализација на наставата по наставниот предмет физичко и здравствено образование, не е на задоволително ниво од причини што училиштето има фискултура сала , само во централното училиште , но во 4 подрачни училишта нема ни фискултурна сала ни уредени спортски терени освен ПУ с.Сенокос каде има асфалтиран спортски терен .Наставната програма по овој предмет целосно се релизира кога дозвлуваат врменските прилики .

Постигањата на учениците се добри. Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците ( тромесечни , полугодишни и годишни ) , и истите се селдат од време на време од страна на директорот и стручната служба , и се преземаат активности за надминување на разликите на постигањата во првото и второто пологодие .

На одделенски совет , родителски средби и патрониот празник на училиштето се промовираат личните постигања на учениците .

Од анонимната анкета што беше спроведена со сите наставници и репрезентативен број на ученици и родители , добиени се следните показатели : поголемиот број родители се задоволни со соработката со училиштето и поддршката што ја добиваат децата од наставниците , стручната служба и директорот .Најголемиот број ученици се изјаснија дека сакаат да одат во училиште и дека се задоволни од наставата и односот на поголениот број наставници , Најголемиот број

наставници истакна дека во училиштето постои добар комуникација меѓу вработените и раководството , има добар работна атмосфера , раководењето е транспарентно , а тие редовно се информираат за реализацијата на задачите предвидени со Годишната програма за работа на училиштето .

Училиштето е отворено за работка со родителите , но сепак не постојат точно дефинирани процедури за остварување на соработка со сите родители на сите категории на ученици .

Севкупната поддршка на учениците е добар .Училиштиниот простор за изведување на настава и сместување на ученишите е безбеден .Хигиената во училиште е на задоволително ниво, но има простор за подобрување , тоалетите , скалите , ходниците , во секое време од денот се чисти периодично се врши и дезинфенцкија и дератизација .Училишниот двор делумно е ограден но , недоволно е хортикултурно и еколошки уреден во централното училиште , а во четри подрачни училишта дворовите не се уредени , не се оградени и хорикултурно не се уредени .

Училиштето има изготвено кодекс на однесување со кои се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето ( наставен кадар , ученици и родители ) .

Училишната килма во училиште е добар.Односите меѓу вработените не секогаш се хармонични и понекогаш постои слаба посветеност на вработените во рефлектирањето на училишните цели во нивната секојдневна практика .Односните меѓу учениците и наставниците се добри и се базира на бзаемно почитување и помагање , почитувањето меѓу учениците од ист и од различен пол, и од различно потекло , од различен социален статус се  задоволително нивоо , а исто така и односите меѓу учениците од различните способности , и возраста се базира на взаемно почитување , што значи човечките вредноси се почитуваат .

Соработката на училиштето со локалната заедница е во рамки на законските обврски и се реализира преку организираните приредби , манифестации и реализација на слободните активности на училиштетонво делот на јавна и културна дејност на училиштето општествено корисна работа .

Постои спремност за соработка на директорот со министерство за образование и наука државен просветен инспекторат и биро за развој за образование , со локалната самоуправа, другите органи и служби како и со родителите и учениците .Директорот истручниот со работник работат на идентификација на состојбите на кој највеќе им треба подобрување .Училишниот одвор е со поминат мандат за кој училиштето добил записник и решение за надминување на проблемите .

Од целокупната евиденција и декуемнтација која беше приложена и разгледана за време на надзорот разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови , анализата на предходно доставените прашалници и се она што мошеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ „Наим Фрашери„ с.Неготино е делумно задоволува 2.06.

Само евалуација на училиштето е изработено со бр.03-324 од 23.11.2016 година. Исто така,училиштето има Програма за развој бр.08-338 од 15.09.2015 год.Годишна Програма на училиштето за учебна година 2017-18 со бр. 01-336 од 15.09.2017 .Училиштето има одлука за основање на училишен спортски клуб со име „Наим Фрашери„ – Неготино.Училиштето нема формирано инклузивен тим за која му е дадено решение .

**КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО**

Основното училиште „ Наим Фрашери„ , с.Неготино е лоцирана во с.Неготино . општина Врапчиште .Дејноста на училиштето е основно образование .Во училиште наставата ја следат 751 ученици , распореден во 69 парлелки од кои 2 се комбинирани паралелки .Наставата во централно и во подрачните училишта се изведува на Албански наставен јазик.Има четри подрачни училишта и тоа :во с.Сенокос , с.Калиште , с.Ѓурѓевиште , и с.Ломница .Во тие гореспоменатите училишта наставата се изведува од прво до девето одделение на албански наставен јазик .

Училиштето за реализација на воспитно-образовниот процес има ангажирано 89 наставници од кои 49 се жени.Според видот на образование 11 наставници се со више образование , 60 се со вискоко образование , и 18 наставници се со несоодветно образование .Според работниот однос 46 наставници се на неопределено работно време и 43 наставници се на определено работно време во основното училишта с.Неготино наставата се реализира во 1 училишен објект во кој се сместени 377 ученици во 27 паралелки во 20 универзални училници , 1 кабинет на информатика, 1 кабинет по англиски јазик ,недовршен спортски терен и со нова фискултурна сала , која се користи за релизација на наставата по физичко образование ( истата фискултурна сала ја користот и учениците од средно образование која е сместено во 3 спрад на истата училишна зграда).

Во училишна зграда с.Сенокос сместени се 235 ученици , во 9 паралелки , и наставата се изведува во 8 универзални училници и надворешен спортски терен ( нема фискултурна сала ) .

Во училишната зграда с.Ѓурѓевиште настава ја посетуваат 30 ученици во 8 паралелки , сместени во 4 училници и имровизиран спортски терен ( има една комбинирана паралелка, прво и трето одделение ) .

Во училишна зграда во с.Калиште наставата ја посетуваат 87 ученици во 9 паралелки сместени во 5 училници , има мал спортски терен .

Во училишна зграда во с.Ломница настава ја посетуваат 22 ученици во 8 паралелки сместени во 4 училници и мал спортски терен , ( има една комбинирана паралелка –прво и трето одделение ).

Училишните згради се изградени и истите се во добра состојба освен во ПОУ во с.Ломница и Ѓурѓевиште каде што кровниот покрив е покриено со салонит плочки , таваните се со ламперија и истите се изолирани со стаклена волна , која во прав се растура по училишниот простории .Работата во училиштето се одвива во две смени како во централното така и во подрачните училишта .Училиштето има извештај за 2016/17 год. Училиштето е верифицирано со акт бр. 05-9808 од 24 .12.1965 година од Собрание на општина Гостивар .Акт за основање од централен регистар е со бр . 05-8908 од 21.12.1965 година.

## 1.НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

### 1.1 Реализација на наставните планови и програмим

ООУ „Наим Фрашери „ , с.Неготино и подрачните училишта во с.Сенокос , с.Ѓурѓевиште , с.Калиште , с.Ломница , општина Врапчиште , реализраат наставни планови и програми донесениод страна на Министерство за образование и наука .

Реализацијата на наставните планови и програми е добра само во централното училиште додека во подрачните училишта делумно задоволува од причина што

наставните програми се реализираат од несоодветен наставен кадар , исто така во подрачните училишта од стапување во реализација на наставните програми има по предметот физичко и здравствено образование , поради необезбедени услови за реализација на наставата , немање спортски терени со исклучок во подрачното училиште во с.Сенакос додека во другите подрачни училишта , поради конфигурација на теренот каде се лоцирани училишниот објекти и немање на спортски сали .

Наставниците своите глобални тематски и дневните оперативни планирања за соодветните предмети ги изготвуваат врз основа на програмите доставени од Министерство за образование и наука .Ова констатација не се однесува на наставниот кадар кој се со несоодветно образование .Училиштето има изработена програма за меѓу етничка интеграција со планирани активности со партнер училиште ООУ „ Башкими „ с.Врапчиште , општина Врапчиште .Поголемиот дел од планирањата на наставниците содржаат елементи од Програмата „ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем „ , активности за меѓуетничката интеграција и активности од инклузијата .

Во училиштето делумно постои соработка помеѓу активите од сродните предмети за инзготвување на глобалните и тематските планирања .Стручните активи во училиштето функсионираат и за одделенска и за предметна настава .Соработка помеѓу активите е делумна , делумна е и соработката со сите други органи во училиштето .

Изборните предмети во училиштето изучуваат според наставниот план .При избор на изборните предмети од наставниот план не се земаат во предвиѕ интересите на учениците  туку изборот на изборните предмети се користи за дополнување на фондот на часови на повеќето од наставниците .

1.2 **Квалитет на наставните планови и програми**

Учениците со наставни планови и програми се запознаваат преку брошура од училиштето, од класните раководители , односно од наставниците на соодветните предмети , на почеток на учебната година и во текот на годината .Родителите со настваните планови и програми се запознаваат преку брошурите и претежно преку организирани родителски средби , преку претставниците на родителите кои се во училишен одбор и преку индивидуални средби со наставниците и класните раководители.Училиштето прави напори за подобрување на квалитетот на наставата .Во таа насока е активноста на директорот на училиштето за обезбедување на соодветен наставен кадар за сите предмети.

И покрај евидентираните семинари на кој учествувале наставниците , преовладува мислењето дека потребно е да се организираат семинари за поквалитетно планирање и обука за примена на современи методи и техники во реализацијата на содржините од наставните програми.

1.3 **Вонаставни активности**

Училиштето планира, ноделумно ги реализира планираните вонаставни активности што служба за подршка на личниот и социјалниот развој  на учениците .Слободни ученички активности , општествено корисна работа , заштита и унапредување на здравјето на учениците и културата на живеењето , активности против дрога , алкохол и наркоманиа , се застапени во содржините на Годишната програма за учебната 2017/18 година .

Преку овие активности , истакнуваат во училиштето , учениците имаат можност за одговорно прифаќање на разликите на другите , полот , способноста, и социјалната

припадност и истите потикнуваат позитивен став кон наставните предмети , учењето и наставата воопшто .

Во Гподишната програма за работа на училиштето за 2017/18 год се планирани да се реализираат слободни ученички активнопсти за одделенска и предметна настава одредени се кои нмаставници ќе раководат со одредена секција .Преку реализација на овие активности се нуди широка можност за вклучување на ученици од различен пол и со разлишни способности . Одредени проблеми се од објективна природна како на пример преоптовареноста на учениците со редовната настава од една страна , и немањето на соодветни просторни услови за реализација на одредени слободни ученички активносто.

Во училиштето има регистрирано училишен спортски клуб со име „ Наим Фрашери „ – Неготино , и има одлука за избор на застапник на клубот , а тој е наставникот по предметот физичко образование со име Ризван Асани .Се реализираат спортски активности во фудбал , кошарка и други спортови .

## 2.**ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

### 2.1 Постигања на учениците

Училишетето располага со податоци за постигањата на учениците по класификацијони периоди и по сите наставни предмети .Постигањата на учениците се следат преку подготвување периодични , полугодишни и годишни извештај .Во узвештаите има показатели за постигањата на учениците за учебна , по паралелки , по пол , за централното и за подрачните училишта .Според извештајте пологодишен , годишен , постигањата на учениците се добри.Училиштето не прави посебни извештаи за постигањата на учениците во подрачните училишта каде поголемиот дел од наставните предмети се реализира од несоодветен наставен кадар .

Според статистичките показатели за период од три години постигањата на учениците се следи : учебна 2014/15 год 3.33 , учебна 2015/16 год 3.30 , учебна 2016/17 год 3.48 . Истотака според статистичките показатели голем е бројот на изостаноците на учениците и тоа : учебна 2014/15 год 8354 , учебна 1015/16 год . 7760 , учебна 2016/17 год .6144 .

Училиштето ги следи постигнувањата на учениците по учебни години и од еден во друг цилкус но не се превезмнеи доволни активности за надминување на разликите што се појавуваат во таквите сиуации.

Училиштето ги идентификува учениците кои имаат потешкотии во учењето додека ученици со посебни потреби со соодветна документација од страна на соодветни лекарски комисии не се бодаат во училиштето .Постигнувањата на овие ученици недоволно се следаат од страна од наставници училишниот психолог , нивниот напредог не се следи во континуитет .Училиштето има изработено програма за меѓуетничка интеграција со планирани активности со партнер училиште ООУ„ Башким„ с.Врапчиште – општина – Врапчиште .

Во годишната програма за меѓуетничка интеграција во 2017/18 год има зацртани конкретни активности , предвидени се посета на верски објекти .Во годишните планирања наставниците имаат вметнато содржини со кои се третира мултикултуралната сензитивност најчесто во оптестевените предмети .За

реализација на програмата не се обезбедени финансиски стрества од страна на соодветните служби при општина Врапчиште.

2.2 **Задржување , осипување на учениците**

Опфатот на учениците е според утврдената реонизација , што значи се опфатени сите ученици обврзници кои припаѓат на реонот на училиштето од с.Неготино и подрачните училишта од с.Сенакос , с.Ѓурѓевиште , с.Калиште и с.Ломница.Училиштето ја пошитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго .Се следи осипувањето на учениците во училиштето , за кое стручната служба има податоци и според нивна анализа тоа се должи поради промена на местото на живеење со одењето на родителите во странство на привремена работа.

Училиштето прибира податоци за одсуства на ученици ( бројот на неоправдани и оправдани изостаноци ) , активностите што ги превзема за намалување на бројот на изостаноци се засновани на анализи и знашително придонесуваат за зголемување на редовноста .Во педагошката евиденција уредно се евидентирани ова категорија на ученици .Сите ученици кои се запишани ја завршуват наставната година .Училиштето води грижа и за своите ученици кои се запишуваат во средното задолжително образование .Во последните години сите ученици кои го завршуваат основното образование се запишуваат во задолжителното средно образование .

За учениците кои се нередовни и имаат повеќе слаби оценки стручниот соработник –психолог организира советувања на родителите и иститe понекогаш покажуваат големи ефекти во редовноста на учениците изголемување и подобрување на успехот .

2.3 **Повторување на учениците**

Според статистиките податоци односно годишните извештаи за работата на училиштето нема ученици кои ја побториле годината .Уќилиштето има утврдени процедури за повторување на ученици , се превземаат активности од самиот почеток на учебната година , преку дополнителна настава , и други активности со цел на подобри постигања на учениците .

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

3.Y**ЧЕЊЕ И НАСТАВА**

3.1 **Планирање на наставниците**

Во училиштето пропишан приод за планирање и утврдена процедура за подршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот , педагогот , и училишниот психолог .Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат до почеток на учебната година .Оперативните планирања не се следат континуирано и постојано се работи на нивно подобрување . Наставниците припремат оперативен за часот според Кембриџ програма.

Поголем број наставниците редовно и навреме ги изготуваат годишните и тематски плнаирања во согласност со наставните планови и програми донесени од биро за разбој на образование .Наставниците изработуваат оперативни планови за

час во кои планираат соодветни елементи за успешна организација и реализација на часот .Целите на наставата, очекуваните  исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето .Бо поголем број на планирањата на наставниците има изработено критериуми за оценување и употреба на ИКТ во настава .Освен за наставните предмети , поголем дел од наставниците изготвуваат годишно планирање за одделенскиот час вонnаставни активности , дополнителна и додатна настава , но во истите нема списоци на ученици .

Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи Наставниците од одделенска настава заеднички ги озготвуваат наставните планирање по одделенија , при што посебно внимание се обрнува на интегрирање на наставните содржини по певеќе наставни предмети , а наставниците од предметна настава индивидуално изработуваат тематско – процесни планирања.Во планирањата опфатени се сите воспитно образовни компоненти и се запазува временската рамка за реализација .Наставниците ја спроведуваат и новата Кембриџ програма .

Распоредот на часови се изготвува пред почетокот на учебната година .При изготвувањето се зема предвид фондот на часови на секој наставник, наставници кои држат настава во други училишта , како и бројот на наставни часови по изборни предмети . Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава .Во училиштето функционираат следниве секции : леитературна секција по биологија и хемија , секција по математика и физика , секција по историја и географија , секција по ликовно , секција по музичко и секција по физичко образование .

3.2 **Наставен процес**

Во текот на интегрална евалуација бо ООУ „Наим Фрашери „ с.Неготино извршена е посета на час на поголем број на наставници .Од посетените часови констатирано е дека училниците ги исполнуваат стандардните нормативи во однос на простор и основното опремување на истиот .Сите наставниците имаа изготвено и користеа оперативен план за часот .Мал дел од наставниците користат разновидни наставни форми и методи , што соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење .Дел од задачите што се работат во училиште се испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите .Изборот на задачи и активности не добро приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците . Наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни текхнологии во наставата и истите дел од наставниците ги применуваат при нејзина реализација .За реализација на наставниот процес се користат безплатни одобрени учебници кои се доставени во училиштето иако понекои предмети се уште учениците немаат добиено од безплатните одобрени учебница .

Наствациците ги споделуваат со учениците целите на настават и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици . Учениците се поттикнуваат да учествуваат во наставата и нивниот придонес се почитува .Поголем дел од настваниците користат позитивни приоди за да ги мотивираат учениицте .Учењето во учлиницата е активно за поголем број на ученици , а на часовите има работна атмостфера, која е поизразена во одделенска настава.

Поголем дел од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување . помош , соработка и разбирање . без притоа да се прави разлика во однос на нивниот пол , социјалното потекло , како и нивната етничка припадност .Секој наставник е посетен на час барем еднаш во учебната година од страна на директорот или од стручната служба .

Во училиштето секогаш се планираат и реализираат современи наставни техники кои овозможуваат бклученост на учениците и поттикнуваат критичко размислување.Учениците се изјаснија дека секој наставник дозволува поставување на прашања за она што не им е јасно .

Од проектот „Компјутер за секое дете „ , во училиштето има добиено 200 компјутери.Училиштето располага со 60 функционални работни места за компјутери во предметна настава во централното училиште во с.Неготино кои се сместени во кабинет по информатика , 40 функционални работни места за компјутери во предметна настава во подрачното училиште во с.Сенакос кои се сместени во кабинет по информатиката, 30 функционални работни места за компјутери во предметна настава во подрачното училиште во с.Калиште , 04 функционални работни места за компјутери во предметна настава настава во подрачното училиште во с.Ломница и 10 функционални работни места за компјутери во предметна настава во подрачното училиште во с.Ѓурѓевишт.Исто така во училиштето има 50 компјутери кои се чуваат во резерва .Наставниците посетувале обука за употреба на ИКТ во наставата и во планирањата имаат предвидено реализација на наставни единици со примена на ИКТ

Преку реализација на проектот на Владата на РМ „ Компјутер за секое дете „ , создадена е можност учениците побрзо , полесно и на поинтересен начин да совладуваат дел од наставните содржини , преку поврзување и користење на веб страни , ликовни и готови апликации кои вклучуваат ктритичко размислување при ученичко-подучувачките активности на учениците .Компјутерите и целото училиште се осигурани од спроствена сметка на училиштето.Еко-проектот  во училиштето се реализира од почетокот на учебната 2013 година.Поголем дел од вработените се обучени за примена на еколошки содржини во наставата .

Во програмата опфатени се четири ЕКО-стандарди : уреден еколошки двор , одржување на училиштата зграда и здрава средина во училиштето , заштеда на електрична енергија и заштеда на вода.

Училиштето нема формиран еко-одбор , не организира еко-акции , има изготвено еко-кодекс .

### 3.3 **Искуство на учениците од учењето**

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење иако во училиштата зграда во централното училиште во с.Н еготино настава изведуваа и ученици средношколци од Гимназијата „Неготино „ с. Неготино во попладневната смена.

Учениците сметаат дека училниците и другите простории во учлилиштето се добро уредени.Трудовите на учениците се истакнуваат на видни места , во дел на училниците и ходниците во училиштето , но според колочината на сработени трудови иконографиијата би можела да биде побогата.Учениците сметаат дека само по некои предмети се учи на интересен начин.Содржините што се учат не секогаш се поврзани со секојдневното , не се применливи и не се корисни во реалнот живот и не ги опособува за активно учество во демократсло и мултикултурно општество .Мал број наставници фи охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат , да поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат .Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици  или возрасни . Учениците сместаат дека само понекогаш имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид .На учениците не им се овозможува да иницираат активности и да преземат одговорност во и надвор од наставата.Учениците сместаат дека интеракцијата меѓу учениците делумно задоволува.

3.4 **Задоволување на потребите на учениците**

Идентификувањето на проблемите на учениците во текот на наставната година се утврдува од страна на наставниците , но се следи и од училшниот психолог и педагог.Наставниот кадар ги идентификува и препознава образовните потреби и пречки во процесот на учење и превземаат активности за нивно отстранување .Во училиштето има 4 ученици цо посебни образовни потреби .За нив планирањата се приспособени според нивните можности .

Поголем број од наставниците во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со цел учениците да научат најмногу што можат .Во оценувањето користат различни техники со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум.

3.5 **Оценувањето како дел од наставата**

Училиштето ги применува законските и подзакомските прописи што го регулираат оценувањето на учениците .Критериумот на оценување на постидањата ма учениците е според стандардите за осенување со чии цели учениците и родителите со стандардите и критериумите за оценување .

Поголем дел од наставници користат различни методи и инструменти за оценивање и континуирано го следат и оценивaат напредокот на учениците.Наставниците како од одделенска така и од предметна настава користат разни форми на сумативно и формативно оценување и следење на постидањата Најчесто застапени се тестовите на знаење на крајот од наставните теми и при нивно задавање се почитува оптеретеноста на учениците .

Наставниците водат грижа оценувањето да биде според ангажирањето на ученикот.Поголем број наставници имаат политика на фер оценување , притоа не правејки разлика помеѓу учениците по пол , етничка припадност и социјален статус што придонесува за објективно отсликување на успехот на учениците по најголем број предмети .Учениците добиваат повратна информација за нивните постигања цо однос на стандардите .Се почитува пристапот за давање на можност за поправање за оценките во сите класификациони периоди.Наставниците ги користат информациите од оценувањето за понатамошно планирање , организирање и реализирање на наставата.Оценувањето е јавно и транспарентно.

3.6 **Известување за напредокот на учениците**

Родителите се информирани како да комуницираат со училиштето во однос на напредокот на нивнитр деца .Се врши прибирање информации за постигањата , напредокот и редовноста на учениците и на транспарентен начин ги известуваат родителите и учениците .Доследно се води евиденција при изрекување на педагошки мерки .До родителите редовно се доставуваат евидентни листови за постигањата на учениците по квалигикациони периоди , а може да се информираат и со Е-дневник .За успехот и постигнатите резултати се расправа на формално и неформално организирани поединечни или групни родителски средби .Дел од родителите се најавени и целосната информираност на родителите

# 4. **Поддршка на учениците**

## 4.1.**Севкупна грижа за учениците**

Училишниот простор вклучуваќи го тука и училишниот двор во централното училиште и во подрачните училишта се безбедни за изведување на настава и престој во училиштето .

Инфраструктура во училиштето(мебел,скали,подови,покрив,струјни места училишта ограда) во централното училиште и во с.Сенакос е ново и реновирана, но во подрачните училишта во с.Ѓурѓевиште,с.Калиштеи с. Ломнице е стара и дотраена но истата е безбедна и не претставува опасност од повреди на учениците.Во училиштето нема обучен кадар со вештини за давање на прва помош на ученици при несреќни случаеви. Во училиштето нема план евакуација заштита и спасување на учениците од несреќни случаеви елементарни непогоди и и за истото не е изведена симулација.

Во училитето има пишани документи за сите облици на однесување на учениците и останатите вработени ,постојат дежурство од страна на наставниот кадар и учениците .Помеѓу учениците и вработените нема  примери за било каков вид на нетпение,и нема појави на психичко и физичко малтретирање на ученици . училиштето има кодекс на однесување на учениците и вработените како и другите структури во уилиштето  и иститев се истакнати на соодветени места.

Во училиштео забранет секаков вид на насилство.во училиштето пушењето е забранете ,има знци за забрана на соодветени места кој се почитубаат , истото се однесува за внес и консумирање на алкохол и други наркотични супстанци со кој појави училиштето успешно се справува и по забпшубањето на наставата. Училиштето не обезбедува увид во квалитетот на храната штоим се нуди на ушениците во продавниците за храна во својата непосредна околина.

Училиштето има ученици со психички и телесни пречки во развојот и за нив е извршена категоризација на потребите  и иститe се со лекарски наод.Училиштето има кутија за прва помош и обичен наставник за давање прва помош.Училиштето има три ПП апарати. Училиштето не е осигурена.

Училиштето нема попишани процедури за обезбедување на материјални средства поради социјална загрозеност на нивните семејства но тоа се спроведува преку пбезбедување на финансиска подршка од училиштето, со учениците и други подароци и донации.

## 4.2 **Здравје**

Хигената во централното училиште задоволува и тоа се однесува и за санитарите простории .Ходниците скалите и санитарните се читат повеќе пати во денот и по потреба , додека учулниците се чистат еднаш во денот.Учулнишниот двор и земјените повпшините се чисти од отпадоци и се добро уредени.  Во училишниот двор и училишните простори има корпи за отпадоци.Хигената во подрачните училишта потешко се одржува поради застереноста на објектите. Училиштето има програма за превенција од заразни болести,учениците и вработените редовно вршат систематски прегледи.

Во годишната програма за рабта училиштето има план на активности за заштита од заразни болести,но нема договорени процедури за грижа на учениците кои подолго време одсуствуваат од наставата поради хронични заболувања.Овие процедури најчесто во праксата се проведуаат по инцијатива на наставниците во соработка со родителите и други релевантни установи особено здравствените установи.

4.3 **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

Училиштето им обезбедува информации на учениците за можноста и изборот во средно образование.За оваа цел училиштето организира активности како посети од страна на средни училишта,соработува со родители врши советувања на ученици и родители.Информациите учениците ги дибиваат од наставниот кадар најчесто во текот на деветто одделенија за време на оделенскиот час каде што се обрарботуваат теми за професионална ориетација на учениците и п и преку планирани активности на стручните соработници во училиштето кои се состојат во редовно информирање на учениците и родителите преку соопштенија,пополнување на прашалници за оценување на вештини и интересот на учениците.

Училиштето нема пропишани процедури во врска со грижата за учениците со емоционални проблеми, но без разлика на изворот ,стучната служба(педагогот и психологот) на училиштето им помогаат на учениците во такви ситуации без оглед на тоа дали е насилство, семејна негрижа, развод на родители,болест или постконфликтни трауми или друг извори при што училиштето во соработка со други надлежни институции презема соодветни мерки за надминување на ваквите случаеиви.

4.4. **Следење на напредокот**

Сите наставници во училиштето водат целосна и уредна евиденција за напредокот односно успех,редовноста и поведението за секој ученик во секоја паралелката посебно Евиденијата за напредокот на учениците се води целосно во пропишана соодветна документација,и во соработка со стучната служба и истата содржи податоци добиени по сопствена проценка на насатавниот кадар. Во однос на грижата за напредокот на учениците во училиштето постои добар соработка помеѓу раководниот кадар,стучната служба,одделенските и предментните наставници.

Наставниците изготвуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи за напредок на учениците.Изготвените извештаи за постигањата по паралелки се доставуваат на сите заинтересирани страни во воспитно образовниот процес (наставници,ученици,родители и други). Резултатите од анализите од добиените податоци не секогаш се користат за преземање на мерки за подобрување на постигањата.

# 5.**УЧИЛИШНА КЛИМА**

5.1. **Училишна клима и односи училиштето,**

Во ООУ "Наим Фращери", с. Неготино има пријатна атмосфера за работа, Односите меѓу наставник-наставник, наставник-ученик, се исполнети со меѓусебно почитување и разбирање, Нема појава на конфликти меѓу учениците и наставниците, Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата припадност и мултикултурализмот и има подеднаков третман на учениците со различни способности и возраста. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, посветени се на целите, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него, Поголем број од наставниот кадар ужива респект кај родителите, освен во ПУ с. Калиште, с. Ломница ис, Ѓурѓевиште, што го

потврдиле во анкетите и за што се изјасниле најголем број на анкетираните ученици и родители,

Училиштето има Куќен ред и Кодекс на однесување, истакнати на видно место.Во нив се поставени принципите и правилата на однесување и истите се почитуваат, но нема пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата од Кодексите. Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите,
како и создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и вонннаставните активности, освен за ПУ с. Ломница каде има мал број на ученици вкупно 22 ученици,

Поведениeто на учениците споредбено за три години е примерно. Дисциплината на учениците во училиштето е добра, во поедини случаеви училиштето презема педагошки мерки за нередовноста на учениците и непримерно однесување за време на наставата,

Учениците навремено се информираат за сите работи што се од нивен интерес, но не секогаш учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето на одлуки во врска со тие работи бидејќи Ученичката заедница нема изготвено план и програма за работа и нема определено одговорни наставници за работа со учениците во Ученичката заедница,

Според планот на активности за реализација на еко стандардите, учениците активно се  вклучениво реализација на точките на акција од еко-стандардите кои се однесуваат на чистење и одржување на училишната зграда и дворот, во собирањето и селектирањето на сметот, заштедатана електричната енергија, водата и друго. Исто така, учениците се активно вклучени во реализирање на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието

Училиштето превзема мерки и активности во врска со инклузивноста на учениците по сите основи но во училиштето нема запишани такви ученици,
Во училиште постои ученичка заедниза и од страна на училиштето се посветува внимание, и од страна на наставниците се помага таа заедница,

### 5.2 **Промовирање на постигањата**

Училиштето става акцент на постигањата на сите ученици, Голем дел од наставниот кадар го користи пофалувањето како начин на мотивирање на учениците за постигнување поголем успех. На крајот на секоја учебна година во училиштето во секој клас се промовира најдобриот ученик од класот кој се наградува со книга и пофалница од училиштето. Изборот на најдобриот ученик го врши самиот класен раководител од класот но нема посебни критериуми за негов избор.

Постигањата на учениците во училиштето се промовираат преку учество на натпревари, конкурси и изложби. Трудовите на учениците се изложуваат на видно место во училиштето,
(но тоа не е случај и на Подрачни училишта).. Постигнатиот успех на натпревари се промовира пред соучениците, родителите, наставниците и пошироката заедница. Промовирањето се врши на родителски средби, училишните приредби, патронот на училиштето, преку веб страната на училиштето, и други организирани манифестации.

Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на ниво на локалната заедница и пошироко,но нема развиен систем на наградување на кои постигнале успех и за наставниците кои го помогнале тоа. Со ученици

училиш организирани манифестации и други прослави на локално и ниво како и објавени Конкурси и промовирање на постигањата во име на училиштето.

Училиштето за изработка на Планот за реализација на еколошките проекти со вклученост на точките на акции од воспоставените еко-стандарди покренува иницијатива за вклучување на наставниците, родителите и социјалните партнери за соработка и реализација, за изменување и дополнување на наставните планови и програми со содржини и точки на акции од еколошката програма,

5.3. **Еднаквост и правичност**

Вработените во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги потикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување.

Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничка припадност, социјалното потекло и способностите за време на часот и кога се работи за одморите или вонаставните активности.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во заедницата.Училиштето активно има заеднички активности со партнер училиштето ООУ „Врапчиште",с.Врапчиште,општина Врапчиште.Заради негување на мултикултурализмот се организираат разновидни наставни и вонаставни активности.

5.4. **Партнерски однос со родителите и со локалната заедница**

Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и во работата на училиштето, но не превзема дејства активно да ги вклучи поголемиот број на родители. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на преставници на родителите во Училишен одбор.Комуникацијата на училиштето со родителите се сведува на одржување најмалку две родителски средби во едно полугодие, но има и примери на оддржани индивидуални родителски средби.Родителите се чуствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето остварува соработка со локалната заедница само во рамките на формалните законски обврски и постојат мал број на примери на заеднички проекти и настни. Училиштето нема воспоставено континуирана соработка за реализирање на

активностите од еколошката програма.Има мал број на примери за остварена соработка со граѓанскиот сектор.

Интегрална ееалуација: ООУ „Наим Фрашери', с. Негатsпно, ог,штина ВрапчкРште, ад 02 до 04 10.2017 година

6. **РЕСУРСИ**

6.1. **Просторни капацитети**

Општинското основно училиште ООУ "Наим Фрашери" с.Неготино,општина Врапчиште е организирано како основно деветгодишно училиште и има 4 подрачни училишта во с. Сенокос, с.Ѓурѓевиште, с.Ломница и с.Калиште. Училишниот простор ги исполнуваа условите за изведување настава според норматиот иако во училишната зграда во централното училиште во с.Неготино насгава изведуваа и ученици средношколци од Гимназијата "Неготино "с.Неготинова попладневната смена.

Според големината на училниците и другите простори се содветно за бројот на учениците по паралелки и наставниот кадар во овој калектив. Училишната зграда во централното училиштево с.Неготино располага со еден кабинет по информатика, 20 училници за одделенска и предметна настава, 6 административни простории ,училишна библиотека и спортска сала . Во падрачните училишта и нема кабинети,лабаратории,фискулrурни сали. Централното училиште има асфалrиран двор и спортски терени за кошарка ракомет и мал фудбал. Истите се користат за реализација на наставата по физичко и здравствено образование кога временските услови се повални.

Училишниот двор е ограден со метална ограда но не е хорrикултурно уреден. Училишето има распоред за користење на училишните простории за изведување на настава и вонннаставни активности. Во подрачното училиште во с.СеноЕrос училишната зграда е во добра состојоа и истаrа е реновирана, додека училишните згради вс подрачните учуилишта во с. Ѓурѓевиште ,с. Ломница ,с. Калиште се постари и во полоша состојба.

6.2. **Наставни средства и материјали**

